# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Осмото продолжение на 78-та седница на Собранието

## на Република Македонија, одржано на 30 азгуст 2001 година

Седницата се одржа во сала I во Собранието на Република Македонија, со почеток во 12,25 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Звонко Мирчески, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Почитувани колеги пратеници, продолжуваме со работа по 78-та седница на Собранието на Република Македонија.

Ве молам да притиснете едно од копчињата на системот за гласање, за да го утврдиме точниот број на присутни пратеници во салата.

Ве молам да го уклучите системот.

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Преминуваме на 31 -та точка од дневниот ред - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за гаранција на Република Македонија по договорите за заеми по Проектот ХЕЦ "Козјак" со Кинеската банка и фирмата ХАИНАН С.И.Т. Ентерпрајс Корп, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за гаранција на Република Македонија по договорите за заеми по Проектот ХЕЦ "Козјак" со Кинеската банка и фирмата ХАИНАН С.И.Т. Ентерпрајс Корп.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето)

Ги молам службите да проверат колку пратеници се присутни во салата.

(По пребројувањето од страна на службите)

Ве замолувам да го вклучите уште еднаш системот за гласање за да го повториме гласањето.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето)

Од вкупно 66 пратеници, 59 пратеници гласале "за", 7 "воздржано" и "против" нема.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето)

Од вкупно 61 пратеник, 55 пратеници гласале "за", 6 "воздржано" и "против" нема.

Констарирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето)

Од вкупно 64 пратеници, 59 пратеници гласале "за", 5 "воздржано" и "против" нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за гаранција на Република Македонија по договорите за заеми по Проектот ХЕЦ "Козјак" со Кинеската банка и фирмата ХАИНАН С.И.Т. Ентерпрајс Корп.

Преминуваме на 32-та точка од дневниот ред - Предлог за донесување на закон за овластување на организацијата за изработување на пригодни ковани пари, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за овластување на организација за изработка на пригодни ковани пари.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето)

Од вкупно 67 пратеници, 63 пратеници гласале "за", 4 "воздржано" и "против" нема.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето)

Од вкупно 66 пратеници, 62 пратеници гласале "за", 3 "воздржано" и 1 "против".

Констарирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето)

Од вкупно 70 пратеници, 65 пратеници гласале "за", 4 "воздржано" и 1 "против".

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за овластување на организација за изработка на пригодни ковани пари.

Преминуваме на 40-та точка од дневниот ред - Предлог на закон за Народна банка на Репбулика Македонија.

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Збор побара министерот за финансии Никола Груевски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Почитуван потпретседател на Собранието, почитувани пратеници, дами и господа,

Изминатата како и оваа, во рамкит на таканаречената втора генерација на рекорди во банкарскиот систем, меѓу другите беа донесени и Законот за банки, Законот за девизно работење, измените односно Законот за платен промет, заедно со подоцнежните измени.

Со овие измени на Народната банка и се даваат посебни права и овластувања, поради што е неопходно соодветни измени да се вградат во Законот за народна банка.

Истовремено, Република Македонија ја потпиша и Спогодбата за стабилизација и асоцијација, со што презема обврска да го прилагоди домашното законодавство со она во земјите членки на Европската унија. Оттука и пторебата за усогласување на регулативата што се однесува на статусот и функциите на Централната банка, како Централна банка, со соодветните во земјите од Унијата и посебно на онаа на Евопската Централна банка.

Во оваа прилика, дозволете ми накусо да се осврнам само на оние решенија од Предлогот на законот, кои претставуваат значајни новини на постојните.

Прво, примарна цел на Народната банка е одржување на ценовната стабилност односно зачувување на куповната моќ на парите, при што без да се наруши оваа цел ја поддржува економската политика на земјата.

Остварувањето на вака дефинираната цел, која подразбира стабилно ниво на цени и ниска ставка на инфлација на среден рок е гаранција за воспоставување на стабилни пазарни услови, економски раст и креирање на нови работни места. Ценовната стабилност креира услови и за стабилност на денарот, за што исто така е одговорна Народната банка.

Заради постигнување на основната цел, Народната банка имплементира соодветна монетарна политика.

Второ, во остварувањето на функциите и поставените цели, Народната банка е потполно самостојна и независна. Независноста на Народната банка беше декларирана и до сега, но, со предложениот закон истата се засилува. Ова посебно се однесува на целосната самостојност во изготвувањето и донесувањето на одлуката за целите на монетарната политика.

Трето, значајна новина во предлогот на законот е што го

дефинира капиталот на Народната банка, а што е вообичаено за законодавството на земјите членки на Европската унија. Капиталот на Народната банка го сочинуваат основниот капитал и општите резерви. Со оглед на тоа што Народна банка е во државна сопственост, капиталот не може да се пренесува или да е предмет на било какво оптоварување, а може да се зголемува од нето добивката.

Понатаму, за разликата од досегашното решение, според кое Народната банка ги пропишуваше условите под кои ги пласираше девизните резерви, овие услови ќе се дефинираат ....

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Се извинувам господине министре што ве прекинувам. Колеги пратеници, ве замолувам ако може претставникот на Владата да го сослушаме и да имаме работна атмосфера во Собранието.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Значи, споменав дека за разлика од досегашното решение, според кое Народната банка ги пропишуваше условите под кои ги пласираше девизните резерви, овие услови ќе се дефинираат со посебен договор што ќе го склучуваат министерот за финансии и гувернерот на Народната банка. Определбата за вакво решение произлезе од потребата државата да ги заштити сопствените девизни резерви од евентуален ризик, поради несоодветно пласирање.

Согласно реформата на платниот промет во Република Македонија, во предлогот се утврдени надлежностите на Народната банка во спроведувањето на платниот промет. Ги координира плаќањата и порамнувањата меѓу банките, врши надзор и отвора и води сметки на банки, трезорската сметка, сметки на фондови, сметки на брокерски друштва и други сметки и врши плаќање на тие сметки.

Значајна новина е тоа што Народна банка може на државата да и одобрува само краткорочни кредити и позајмици со рок на враќање од еден ден, со што се спречува можноста за финансирање на буџетскиот дефицит. Исто така се забранува Народната банка да купува државни хартии од вредност на примарниот пазар директно.

Во делот кој се однесува на органите на Народна банка се предложени решенија кои значат засилување на професионалноста, одговорноста и транспарентност во работењето на органите на Народната банка. Во таа смисла, заслужуваат да се споменат одредбите според кои членовите на Советот не смеат да бидат членови на политички партии, двајца од членовите на Советот се професионално ангажирани со полно работно време во Советот на Народна банка, членовите на Советот се должни да дадат изјави за постоење или непостоење на конфликтни интереси, со што се избегнува пристрасност при одлучувањето.

Новина во законот е и можноста евентуалните загуби на Народната банка да се покријат со држани хартии од вреносег. Овие хартии се каматоносни и со нив Народна банка може да тргува. Отплатата односно откупот на овие хартии Народна банка го врши од нето добивката од наредните години.

И на крајот, во делот што ги регулира казнените одредби, како мерка за зајакнување на одговорноста, се предвидуваат казни за прекршок на одговорните лица во Централната банка кои не постапуваат или постапуваат спротивно на одредбите на законот.

На крајот да споменам дека законот е подготвен во соработка со ММФ кој како никогаш досега беше заинтересиран за овој закон и имавме неколку пати и преписки и средби за детали од законот и е усогласен со стандардите што овој фонд ги бара.

Конечно, би сакал да ви споменам дека при дискусиите за промена на Уставот редно е да се размисли за името на Народна банка на Република Македонија, бидејќи колку што знам само уште неколку држави во светот имаат "Народна" обично се оди со национална или банка на државата, да речеме банка на Македонија. Но, тоа е за понатаму.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

За збор се јави пратеникот Таки Фити.

**ТАКИ ФИТИ:**

Почитуван господин потпретседател, почитувани колеги пратеници, почитуван господине министер, сакам во општата расправа околу законот за Народната, односно Централната банка да го задржам вашето внимание на едно централно, би рекол суштинско прашање врзано за позициите на Народната банка виза ви извршната власт, односно Владата. Фактички станува збор за

самостојноста на Централната банка, тоа е она прашање за кое говореше во воведното излагање министфот за финансии господинот Груевски.

Постои општа тенденција во сите земји со развиена пазарна економија силно да се нагласи самостојноста на Централната банка и мислам дека тоа воопшто не е случајно, затоа што Централната банка по дефиниција е банка над банките, таа има исклучиво дискреционо право да врши емисија на пари, значи секаде во светот, единствена емисиона банка, а тоа значи да креира дополнителна купувна моќ, а од понудата на пари во секоја економија зависи ценовната стабилност и вкупната макро економска стабилност.

Испитувањата во економската наука недвосмислено потрдија деја постои голем степен на зависност меѓу степенот на независност на Централната банка од една страна и стапката на инфлација од друга страна во светот. Најновите испитувања и на експертите на ММФ кои опфаќаат преку 140 земји во светот развиени земји и земји во развој и земји во транзиција исто така потврдија дека сите оние национални економии каде е прокламирана и дефакто постои голема самостојност и независност на Централната банка визави Владата постои пониска стапка на инфлација. Оттаму, не е ни случајно што ММФ експертите со сите земји со кои има аранжмани или е во мисија на консултации, меѓу другото сугерираат до крај да се задржи принципот на самостојност на Централната банка.

Сакам само да напоменам во ова општо излагање уште дека после 1993 година високо развиените земји со пазарна економија појдоа кон подобрување на законодавствата во смисла на афирмација на независноста на Централната банка. 1993 година Франција го направи тоа, во 1998 година во Францускиот закон се вметна еден став односно еден член кој што вели дека Централната банка не смее да прима инструкции од Владата или од било која друга личност, што како став е и во нашиот закон и мислам дека е многу добро. Истото тоа го направи во 1998 година и Англија, Лабуристичката партија на Блер, каде што се формира Комитетот за монетарна политика и се дозволи на Банката на Англија самостојно да одлучува за каматните стапки. И многу други банки, да не ги спомнувам, федералните резерви кои вршат функција на народната банка во Америка, тоа го имаат направено, и многу земји во транзиција.

Како што кажа минисетрот Груевски, 1993 година по осамостојувањето на Република Македонија прв пат беше донесен Закон за Народна банка, каде што уште тогаш беше прокламирано определена самостојност и независност на Централната банка, 1996 гдина со измените таа се засили и јас се согласувам со констатацијата дека со овој закон кој денес е на расправа во Парламентот се прави чекор напред во смисла на засилување на самостојноста на Централната банка, со еден мал исклучок за кој што сакам нешто пошироко и да објаснам. Фактички, дополнително се засилува самостојноста на Централната банка со оној член кој што вели дека и Народната банка на Република Македонија не може и не смее да прима инструкции од извршната власт, односно од Владата. Исто така, доста големи ингеренции се даваат и се зацврстуваат ингеренциите на Советот на гувернерите на Народната банка, што повторно е доказ за самостојноста на Централната банка. Има посебен став во Законот кој што вели дека Централната банка ја конципира и спроведува монетарната политика. Се разбира, првата и основна задача е модерно дефинирање на Народната банка со овој Закон, со една реченица, која ја спомна министерот - "Централната банка е одговорна за ценовната стабилност". Таква формулација постои и во Централната банка, во Европската Централна банка. Само така со еден член тоа се дефинира, бидејќи тоа се кажува.

**ТАКИ ФИТИ:**(Продолжение)

Меѓутоа, јас сакам да обрнам внимание и да замолам и министерот да размисли, мислам дека има и амандман околу тоа, член 20 од предлог законот вели дека Владата на Република Македонија ја утврдува политиката на девизниот курс. Со еден ваков став не се обезбедува до крај доследно концептот на самостојноста на Централната банка, кој што и инаку од самиот почеток на законот се заговара и ми се чини дека до крај треба да го изведеме, затоа што ако централната банка е одговорна за ценовната стабилност тоа автоматски значи дека ценовната стабилност е предуслов за стабилен девизен курс. Спорет тоа мора да биде работа на

централната банка и одговонрност на централната банка, а не работа и одговорност на Владата односно конкретно на Министерството за финансии. Можеме да се доведеме по малку и во непријатна ситуација затоа што ако на централната бака со овој закон и давате потполно одврзани раце да ја концепира и спроведува монетарната политика тоа значи дека и давате потпблно право да одлучува за понудата на пари, значи за масата пари воопшто, а инфлацијата насекаде во светот долгорочно гледано е монетарен феномен. Ако банката печати повеќе пари тоа не може да не се одрази на курсот на денарот на националната парична единица и на ценовната стабилност. Според тоа ми се чини дека треба до крај да се лоцира одговорноста на централната банка врзана и со девизниот курс.

Нема што Владата да ја утврдува политиката на девизниот курс бидејќи таа и така дава големи компетенции на централната банка, но мора да ја лоцира одговорноста во централната банка. Таа мора пред се сама да ја утврдува политиката на девизниот курс во согласност со другите компетенции кои што дефакто и се даваат. Се разбира дека тоа не значи дека нема да има заради тоа координираност помеѓу буџетската политика што е компетенција на министерот за финансии и монетарната политика што е компетенција на централната банка. Напротив, тие две политики мора да бидат усогласени бидејќи често пати нивните мерки и инструменти имаат спротивно дејство и ако не се усогласени можат да направат голема штета во националната економија. Меѓутоа односите помеѓу Министерството за финансии и централнага банка на секаде во светот се односи не на подреденост или на надреденост, туку односи на соработка. Има еден став што го објаснуваше министерот, министерот за финансии во договор со централната банка одлучуваат за начинот на кој што таа ќе управува со девизните резерви на земјата. Тоа е еден модерен став и се практикува во светот, бидејќи се тие многу значајни. Практика е во светот еднаш месечно министерот за финансии и гувернерот заедно да ручаат. Не е случајно тоа. Тоа е пак заради таа координација, усогласување и т.н. Тоа е стара практика во земјите со развиена пазарна економија.

Значи, мораме до крај да го изведеме концептот на самостојност на централната банка, кој што е добро поставен во овој заќон, меѓутоа ми се чини дека тој член смета и мислам дека ако тоа ние не го направиме во еден од наредните аранжмани со ММФ ќе ни биде наложено тој став да го менуваме или тоа ќе го побара можеби Европската унија. Зошто тоа они да ни го наложуваат кога имаме сега Шанса навистина сега да го направиме и да го решиме концептот на самостојноста комплетно, достојно онака како што се заговара во постојниот Предлог закон.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

За збор се јави пратеникот Јордан Бошков.

Но, за реплика се јави министерот за финансии.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Би сакал кратко да се осврнам на забелешката што ја даде г-дино Фити во правец на размислување дали треба или не треба.

Тоа беше околу девизниот курс дали да одлучува затоа централната банка или Владата. Досега во Македонија е Владата. Околу оваа работа и ние имавме доста дилеми и доста дискусии и експертските мислења беа поделени. Искрено кажано дури и во самиот Меѓународен фонд зависно кој од каде доаѓа, дали доаѓа предходно од централна банка, или доаѓа од некоја друга институција и од тоа зависеше и нивното мислење.

Прифаќаме дека постојат поблиски врски помеѓу монетарната и политиката на девизниот курс, меѓутоа не може да се занемари поврзаноста на фискалната и на монетарната политика и би сакал да потенцирам дека и договорот од МАСТРЕХ остава можност или препорачува владите , а не централните банки на земјите членки да бидат надлежни односно да ја водат политиката на девизниот курс. Тоа може да се види во повеќе нивни документи, книги и т.н. Така што и самиот договор од МАСТРЕХ остава на владите од ЕУ дасе определата и да изберат опција.Затоа во едни држави е еден концепт во други е друг.Ние засега сепак се одлучивме на концептот Владата да остане како компетентна за девизниот курс, иако може и така и така да оди и тоа дозволено на некој начин во ЕУ.

Досега немало некој проблеми во тој правец во оваа кратка десеттодишна историја на РМ, немало конфликт во правец централна банка-Влада во правец на девизниот курс и се надевам и дека нема да има, бидејќи и едните и другите се губитници ако се направат крупни грешки.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Има збор пратеникот Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Благодарам г-дне потпретседател, дами и господа.

Измените што се предлагаат јас би сакал да ги оценам како важни , затоа што самостојноста на централната банка е од клучно значење не само за стабилноста на парите односно на вредноста на парата туку исто така и за самиот амбиент во економијата.

Јас сметам дека премалку оделуваме внимание на тоа колкаво е влијанието на емисионата банка врз движењата во стопанството и на пазарот и на тој начин превидуваме дека главните двигатели во економијата се надвор од политичкиот дел. Односно тие се лоцирани во рацете на носителите на функции во емисионата банка.

Мене ме изненадува тоа што ние овде во Собранието гледаме Годишен извештај од Народната банка и понатаму ниедна друга содржина, ниедна друга појава внатре во таа централна институција во државниот механизам не претресуваме. Сега е многу добро тоа што се заговара департизирање на советот на емисионата банка . Прашање е зошто досега тоа не било издигнато на вакво рамниште и прашање е исто така на опортуност да се оцени дали економијата трпела штети од инфилтрација на партиски лица во емисионата банка.

Јас како неук човек за мнетарната сфера ќе си допуштам и таква комоција затоа што и не сум обучен да кажам дека функцинерот во државата-гувернер на Емисиона банка е неколкукратно појак во своето влијание отколку функционерот во државата кој е претседател на Владата. Неговата улога Собранието ни најмалку не ја прегледува, барем мене не ми е познато. Јас мислам дека прашање на законска норма може да биде да се бара каков профил може да биде носител на гувернерска функција, а исто така и член на советот на емисионата банка. Упатно е да се обрне внимание во насока и на моралните квалитети и исто така по сила на закон да Се предвиди разрешување.

Министерот на еден фин начин напомена дека претпочитува да се смени името односно називот на емисионата банка во Уставот на Република Македонија. Јас тоа целосно можам само да го подржам, како ќе биде името останува да се разгледа, но мислам Дека е многу битно да Се размисли и механизмот за предлагање гувернер како да оди.

Понатаму, мене не ми е познато дека институтот одговорност на носител на функција во централна банка на некое место во Владата или во Собранието Се разгледува. Ние еве за десет години самостојност немаме ниедна анализа за тоа што се одигрува во емисионата банка, а не дека јас би заговарал и таму да се креираат афери, но мене ме изненадува кога се говори за енормна корупција секаде во администрацијата на државата, а воопшто не се чепка по односите кои владејат во емисионата банка и мислам дека овие аспекти ни со предлогот на законот не се опфатени. На некој начин Собранието себе се ослободува од претресување на состојбите во емисијоната банка. Не за да влијае со негови решенија, но мислам дека задачата е на претставничкиот дом да се запознае со детали за тоа што се се одигрува во емисијоната банка. Таа структура не може да биде комплетно афтономна. Тоа е едниот аспект.

Друго, што досега не се изнесува во јавноста, а и во дебатата мене ми недостигаше е тоа што надлежностите на емисионата банка и на Владата се навистина поделени , но дали имаме поделба и во влијанието. Дали меѓусебно не трпат овие две инстанци и бележити влијанија на штета на едната страна. Во начело...

(Во салата е премногу бучно од меѓусебниот разговор на пратениците)Јас се извинувам колеги пратеници, мене и не ми е важно дали ќе ме чуете, јас во суштина се носев со мислата да го отпочнам овој мој настап со барање да се изготват прво стенографските белешки од настапот на министерот бидејки беше токлку многу шумно што јас не можев да ги доволам неговите ставови , неговите идеи.Не е фер кон македонската држава за една круцијална тема, како што е емисијоната банка да не се посветува внимание , макар тоа да биде искажано и со молчење при седењето во клупите.

Ние би требало да размислиме во насока дали едната инстанца влијае и во колкава Мера врз однесувањето на другата. Можеби претходно изнесеното гледиште од мене, лаички, неуко дека функционерот гувернер е посилна функција односно е посилен отколку функционерот претседател на Владата само по себе неШто кажува, но јас имам впечаток дека емисионата банка барем во

праксата во РМ се врши влијание врз Министерството за финансии, Владата на некој начин станува сервис. Можеби мојот впечаток е неправилен, но моите дилеми упатно е да бидат расчистени, па макар и да се покаже дека едноставно сум во заблуда. Јас сметам дека ние морам да расчистиме и со прашањето околу вработените во Министерството за финансии. Дали таму можеме да имаме службеници кои се на платен список на емисионата банка. Тоа барем е надлежност на овој парламент. Не треба од Секоја тема едноставно да се криеме. Емисионата банка ќе има во иднина се поголемо значење. Тоа за луето кои Се упатени во светската економија, во финансиите го знаат, но исто така тие луѓе знаат дека и пазарите на капитал кои не се под капата на инвестиционите банки исто така растат во своето влијание. Тука ќе мора со време да мислиме како ќе се обезбеди отцепување односно оневозможување на влијание на еднна инстанца врз друга во нашиот административен апарат.

Јас не би должел понатаму, ми се чини дека ќе биде нешто од ова во иднина и дека на некои мои дилеми ќе добијам одговор.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

За збор се јави пратеникот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Г-дине потпретседателе, г-дине министре, колеги пратеници, би сакал во обраќањето, ако има повторно обраќање на г-динот министер да ни соопшти за мотивите кои во глава 4 се повела Владата кога ги предлага законските промени во односите на Народна банка со Собранието на РМ, каде што ги одзема досегашните ингеренции на Собранието и ги префрла во рамки на советот на Народна банка на РМ.Тоа е досега една од значајните функции на Собранието на Република Македонија и во врска со одлуката за цените на монетарната политика која досега беше надлежност на Собранието, а сега се одзема и во врска со извештаите Народната банка на Македонија кои досега исто така се доставуваат во Собранието на разгледување. Има едно правило во Уставот дека сите оние органи кои ги избира Собраието на РМ извештај за своето работење доставуваат до Собранието на Република Македонија, кое правило досега сме го следеле како политика. Сега и таа функција која на некој начин е единствената контролна функција од страна на Собранието кон Народната банка на Макеоднија во вид на поднесување на извештај за работењето и извештај за супервизијата и извештај за раководењето со девизните резерви се дислоцира повторно во советот на Народна банка, што значи дека Народната банка сама за себе се доведува во позиција да биде во затворен круг на дадени надлежности и контрола врз своите надлежности и поднесување на извештај за своите наделжности сама пред себе. Би сакал еден коментар да чуеме во врска со мотивите за тоа.

Да потсетам дека токму во една ваква не до крај дефиирана ситуација на односите на Народна банка кон Собранието и во тоа време возможноаста на Народна банка да остане затворена и да не доставува времени, навремени извештаи до Собранието на РМ за своите надлежности не вовлекоа во една многу тешка финансиска афера во Република Македонија која започна со една и заврши со неколку штедилници и се случи со загуба на огромни средства од странна на граѓаните токму заради тоа што Собранието не успеа со својата контролна функција врз Народната банка за нејзиното работење да ја спроведе до крај. Затоа што од аспект на Собранието се гледаше низ прсти на извештаите на супервизијата и мерките кои ги превзема Банката врз работењето на комерцијалните банки и штедилниците и менувачниците. Во тоа време ако се сеќавате извештајот не дојде во Собранието на РМ навремено, како полугодишен, стигна како годишен, не се ставаше на дневен ред затоа што се сметаше дека не е потребно, а во меѓувреме таа афера чукна на врата.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ**: (продолжение)

Прашањето на одлучувањето во Советот на Народната банка на Македонија е уредено со законот. Мислам дека начинот на кои членот 67 го уредува одлучувањето во Советот на Народната банка, да се одлучува со мнозинство од 7, од вкупно е членови на Советот, кои се некои "екс софицио", а некои избрани од Собранието на Република Македонија, создаваме законска можност, членовите на Советот во извесна мера да можат со многу мал број на гласови да блокираат одлуки, кои се многу значајни за Република Македонија и тоа, понатаму е непроменливо и ќе мораме со законот за го менуваме повторно, доколку не се јави потреба тоа така да функционира. Ние, се

разбира, треба да ги предвидиме таквоте ситуации, и мислам дека досега такво мнозинство немаме никогаш утврдено, ниту во Уставот, ниту за донесување на Уставот во Република Македонија.

Значи, Уставот на Република Македонија го донесуваме со помало мнозинство, од она што е утврдено во членот 67, односно мнозинството за Советот на Народната Банка, за Одлукаха за целите и задачите, односно целите на монетарната политика.

Јас мислам дека пред да поминиме на амандманска расправа, бидејќи некои од образложенијата во корелација со нашето изјаснување на амандманите, би сакал да слушнам доколку е можно за тоа.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Благодарам на г. пратеник Никола Поповски.

За збор се јави г. Никола Груевски, министер за финансии.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Почитувани пратеници,

Во врска со претходната дискусија, сакам да појаснам некои работи. Беше поставено прашањето зошто на Собранието му е одземена ингеренцијата со утврдувањето на монетарната политика. Имаше констатација дека со тоа се прави затворен круг, или затвореност на Централната банка итн. Се обидувам да потсетам на дискусијата, за да продолжам понатаму. Ова е направено од причини што тенденција во светот е, се поголема одговорност и моќ да се дава на Советот на Централната Банка и да се зголемува нејзината независност, наспротив Собранието и Владата.

Имено, во сите земји на ЕУ: Германија, Франција и да не ги наведувам сите, прифатено е решението, кое што е предложено со нашиот Закон.

Понатаму, сите земји од Централна и Источна Европа, кога го подготвувавме овој закон ги имавме на маса и секогаш за прашања што имавме дилеми, проверувавме да видиме како е во другите земји и ја баравме логиката, меѓутоа, доколку ние не можевме д а ја најдеме, се информиравме, праќавме писма до централните банки итн. Па така, Полска, Чешка, Естонија, Унгарија, ни беа исто така на маса, како и германскиот и многу други. Можам да ви потврдам дека во сите овие држави е прифатен концептот, Собранието само да биде известено.

Со самото известување на Собранието, доколку Собранието оцени дека материјалот е лош, Собранието има право да го повика гувернерот, односно Советот на одговорност, односно да го ресгшктира нивното работење.

ММФ, како што спомнав, беше длабоко инволвиран во подготовката на овој закон, како никогаш до сега. Имаше исто така, силно инсистирање на овој момент. Дури, во првата верзија на Законот,што ние ја подготвивме, бевме на становиште слично на претходниот дискутант, меѓутоа, од нивна страна, силно се инсистираше да се прифатат меѓународните текови за давање поголема независност од страна на Централната банка. Тоа ми беше добро објаснето и образложено во неколкуте дискусии што ги имавме и со претставникот и со претставниците на ММФ што доаѓаат, а од консултациите што ги направивме со неколку држави.

Тоа би било во врска со првиот дел од прашањето. Инаку, што се однесува до коментарот, за она што се случи прв пат, дека не бил стигнат шесмесечниот извештај, односно дека не бил разгледан од Парламентот, би било наивно да веруваме дека причината и подготовката за она што се случи во наводници што се случи подготовката, траела шест месеци. Тоа што се случи таму, траеше година или две итн. Тој систем функционраше подолго. Така што, сигурно е дека Собранието не било во можност да ги оцени извештаите односно, да ги оцени тие моменти, да предвиди една таква ситуација.

Во новиот закон е предвидено дека Одлуката за целите на монетарната политика и Проекцијата на монетарната политика во членот 54 (читам) Народна Банка ги објавува најдоцна два месеци по нивното донесување од страна на Советот на Народна Банка.

На крајот да кажам нешто околу монетарната политика. Имаше коментар зошто монетарната политика може да помине на Советот на Централната банка од 7 до е гласови за, во случај кога се работи за двотретинско мнозинство, кај можеби, најзначајниот акт, што Народната Банка го разгледвуа во текот на наредната година. Оттука, се отиде, за позначајните акти, во случајот најзначајниот, да биде донесен со двотретинско мнозинство. Не се согласувам дека во Парламентот се работи за двотретинско мнозинство, односно дека

нема закони, кои се поважни за земјата и дека за нив нема двотретинско мнозинство, знаеме дека такви има и затоа оценето е дека во Централната банка кога Советот носи некои решенија, ако се работи за одлуки кои се исклучително важни, кои исклучително треба да бидат претресени, дека е потребно двотретинско мнозинство. Се надевам дека ги задоволив вашите очекувања.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Му благодарам на г. министер.

Дали некој друг бара збор?

Има збор г. пратеник Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Јас се јавив по повод дискусијата на претходниот дискутант. Сакам да кажам дека во Собранието на Република Македонија има политика на избор. Се разбира дека во Европа со 50 држави, има 15 држави, или во Источна Европа со 20 држави, или 30 има 10 држави, со такво решение. Меѓутоа, можеби има други 20 со поинакво решение.

Што се донесува до повикувањето Европа да ја земете како пример со 53 држави и доколку наведете 10 држави што имаат такво решение, тоа е во ред. Меѓутоа, можеби има 10 држави со друго решение. И тоа е исто така, во ред. Се работи за политика на избор, од можните решенија. Меѓутоа, добро, тука имаме амандмани, за кои ќе разговараме.

Инаку, принципот дека некој своите овластувања сам ги предлага, сам ги спроведува и сам врши контрола на тоа, за мене е неприфатливо. За г. министер тоа е прифатливо, и тука нема за што да се убедуваме.

Јас сум уверен, ако имаме државен орган, кој сам ги предлага решенијата во својот "организам", кој сам ги донесува во рамките на својот "организам" и кој сам се контролира како ги спроведвуа е нефункционален од аспект на демократска контрола и политичка контрола, па ако сакате во оваа смисла и економска контрола.

Јас добро знам, бидејќи бев пратеник во тој мандат дека нам сите извештаи од Народната банка не ни беа доставени дека има проблеми со штедилниците кои се пирамидални. Се доставуваа фризирани извештаи. Сега можам да замислам и кога ќе се нема законска обврска за доставување на извештаи кои ги разгледува Собранието и усвојува, што ќе се случи?

Со тоа, министерот за финансии ќе сноси поголема одговорност од таквата политика, отколку Парламентот. Тука имаме различни видувања.

Второ, г. министре, 7 од е не е двотретинско мнозинство. Двотретинско мнозинство е 6 од е, тоа е 66,6. Вие имате механизам на одлучување со 78% од телото да се изјасни позитивно, што мислам дека е позитивно. Јас не грешам и ви кажувам дека такво одлучување во Собранието нема. Вашето одлучување е 7 од е, а тоа не е двотретинско мнозинство. Тоа е седумдеветинско мнозинство, што е блиско до консензуално одлучување.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Има збор г. Никола Груевски, министер за финансии.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Јас уште еднаш би сакал да потенцирам дека Централната банка, согласно овој нов закон сега што го предлагаме, има законска обврска да го достави спомenатиот материјал до Собранието. Меѓутоа, само за информирање, а не за прифаќање. Во тоа е разликата. Значи, досега беше за прифаќање и може да се прифати, или да не се прифати. Сега е за информирање.

Врз основа на таа информација, подоцна Парламентот може да покренува други постапки, односно да разрешува членови, гувернерот итн.

Инаку, што се однесува до коментарот за државите, ние го потпишавме Договорот за стабилизација и асоцијација со ЕУ и сметам дека сите 15 држави членки на ЕУ, го имаат решението кое што е во нашиот закон, затоа што тоа се препраки на Европската Централна банка и ги имаат инплементирано сите земји. Сите земји што имаат асоцијативен договор со ЕУ, имаат обврска ова исто така, да го стават, а повеќето од нив веќе го имаат ставено во нивните закони. Сега, ако земеме закони од држави што немаат асоцијативно членство, можеби ќе најдеме и такво решение. Меѓутоа, нашата идеја е да се држиме кон овој тип на држави, бидејќи ние сакаме да се насочиме кон ЕУ.

На крајот, сакам да кажам за двотретинското мнозинство. Јас можеби направив лапсус, не кажав повеќе од двотретинско мнозинство. Идејата ми беше таа но, не се изразив добро. Уште еднаш да ви кажам дека во врска со

ова прашање имаше неколку интервенции од ММФ и на другите консултанти што ги ангажиравме, дека овој е исклучително важем документ и ако немаме консензус, барем треба да има повеќе од двотретинско мнозинство. Меѓутоа, имаме и различни мислења.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отварам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Слободан Ќосев, поднесе амандман на членот 98, за бришење на став 3 и истиот го повлече.

Пратеникот Слободан Ќосев поднесе амандмани на Членот 57, за додавање нов став 2 и на член 98 за бришење на став 3 и истите ги повлече.

Пратеникот Слободан Ќосев поднесе амандман на член 98 за бришење на став 3, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Ѓулистана Марковска, поднесе амандман на член 58, став 2, алинеја 4, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Александар Пандов, поднесе амандмани на член 2, за додавање нов став 2, член 60 став 4, алинеја 5, член 70 став 3, алинеја 5 и член 73 став 2, алинеја 5, член е3 и на член е6 став 1, на точките 4, 6 и е, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Александар Пандов амандман на член 67, став 8 и е по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Александар Гештаковски, поднесе амандмани, за бришење на член е6 и за додавање два нови члена 96 и 96-а, член 94 став 2, член 89 став 2 и за бришење на ставовите: 3 и 4, член 60, став 3 за бришење на алинеите 2 и 3 и на ставот 4 за бришење на алинеја 5, член 70 став 2, за бришење на алинеите 2 и 3 и на став 3 за бришење на алинеја 5 и на член 73, став 1 за бришење на алинеите 2 и 3 и на став 2 за бришење на алинеја 5, член 57 и на член 98 за бришење на став 3 и на член 20 за менување на став 1, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 2 за додавање нов став 2, поднесен од пратеникот Александар Пандов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Овој амандман Владата го прифаќа.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 20, за менување на став 1, поднесен од пратеникот Александар Гештаковски.

Го молам претставникот на Владата да Се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Овој амандман не се прифаќа.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор пратеникот Таки Фити.

**ТАКИ ФИТИ:**

Господинот министер објасни зошто Не се прифаќа амандманот. Јас го почитувам во основа тоа мислење. Точно е дека има дилеми во светската практика околу оваа работа, дали Владата ќе биде таа што ќе ја утврдува политиката на девизниот курс, или тоа едноставно, да се препушти на Народната банка на Македонија.

Пред да поминат пратениците на гласање, јас ќе дадам само три аргументи, сосема накратко, што зборуваат во прилог токму на тоа, дека ние сепак треба да одиме на тоа решение.

Прво, Владата нема инструмент да го контролира девизниот курс. Таа може да ја утврдува политиката начелно, меѓутоа, самата имплементација на политиката и со законот е препуштена на Централната банка. Централната банка може да влијае врз одржувањето на стабилноста на курсот со познатите инструменти да речеме преку водење на политика на есконтна или дисконтна стапка, преку задолжителните резерви, преку политика на отворен пазар, благајнички записи и сл. Значи, дефакто, таа располага со целиот инструментариот кој е неопходен, за да се одржува стабилноста на курсот, а Владата може ограничено да дејствува со мерките на буџетската, односно фискалната политика.

Втор аргумент, кој што мислам дека не треба да се запостави е фактот дека со Уставот на Република Македонија, член 60, дадена е одговорност на Централната банка, да се грижи за стабилноста на националната парична единица, односно денарот.

Значи во член 60 од Уставот, стои дека Народната банка на Република Македонија е самостојна и одговорна за стабилноста на националналната парична единица. Така што, дури и Уставот не обврзува на една таква формулација.

Доколку има некогаш во иднина, некој министер за финансии да води либерална монетарна политика, да е со убедување дека може да се оди со инфлаторен раст и развој во Републиката, тоа би можел да го направи. Како што може да биде и обратно, ако немате инструмент како Влада тоа да го контролирате, некој гувернер може да ја зголеми масата пари во оптег и да ви ја дестабилизира националната парична единица, а тука да не може да биде моќна Владата.

Затоа, моето инсистирање беше од тој аспект. Владата треба да ја лоцира таа одговорност во Централната банка, бидејќи таа располата со инструментариумот да ја контролира стабилноста на националната парична единица.

Благодариме.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор г. пратеник Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Му давам предност на г. пратеник Александар Гештаковски бидејќи тој е предлагач, а потоа јас ќе земам збор.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине потпретседателе,

Овој амандман заслужува расправа, која беше и во општиот претрес за Законот за Народната банка, а исто така за тоа укажа и министерот дека е многу битно за водење на кредитно-монетарната и девизната политика и кој ќе го утврдува девизниот курс на денарот, согласно макро економската политика.

Во таа расправа, се изнесоа аргументите од почитуваниот пратеник Таки Фити и за тоа утврдивме и стручните и во финансиските кругови и има дилема кој да го утврдува девизниот курс: дали Народната банка, или Владата.

Јас се јавив со цел да го прашам, односно да му се обратам на министерот.

Сметам дека треба да му се обратам на министерот по повод дискусијата на г. Поповски дека тренд е, односно тенденција е, се повеќе одговорноста да се пренесува на Народната банка, ви за ви, Собранието или Владата. Министерот тоа го тврди со решенијата во законите: во Полска, Чешка и во некои други земји.

Едно од најважните сидра во водење на макро економската политика, спротивно на неговото тврдење, не го подржува тој амандман.

Мене ме чуди што се инсистира, врз основа на аргументите, кои ги искажа професорот, односно врз основа на тенденциите, кои тој ги поддржува во другиот дел од Законот

Имаме две гледања што се однесува до ингеренциите на Народната банка, ви за ви, Влада, или Собрание, во современите финансиски текови. Министерот врз основа на сите искажани аргументи, за нас пратениците останува дилемата, дали Република Македонија, девизниот курс на денарот, во согласност со макро економската програма, ќе го утврдува Народната банка, што се бара со овој амандман и би требало да го поддржиме, или со измените што се во законот тоа да го утврдува Владата на Република Македонија.

Јас сметам дека министерот е во спротивност со своите укажувања во делот на решенијата кои се нудат.

Според тоа, барам да се поддржи овој амандман.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор г. пратеник Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Јас сакам да го истакнам тоа што г. Гештаковски гопотенцираше. Претходниот одговор на г. Груевски, за потребата од што поголема самостојност на Народната банка, сега со овој амандман паѓа. Сега тука веднаш, имаме недоследности.

Народната банка треба да има голема самостојност во законодавната власт, а целосна самостојност во извршната власт. Сега ние правиме решенија со кои, законодавната власт, односно Парламентот, целосно го лишуваме од своите ингеренции спрема таа сфера, која се уредува со Законот за Народната банка, односно монетарната сфера и една друга тенденција, која овој амандман треба да ја исправи, а тоа е пак сега да се префрла од Народната банка, спрема Владата една многу суштинска ингеренција, за која прифесорот

Фити зборуваше, сега да не ја повторувам, што е невозможно, да ја контролира Владата. Вие ги видовте решенијата какви беа во законот. Владата ќе ја утврдува политиката на девизниот курс, а Народната банка ќе треба да ја спроведува. А Народната банка се избира на предлог на претседателот на

државата од Парламентот, вклучувајќи го и Советот. Има една целосна некоегзистентност.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Досегашните законски решенија на Македонија, за кои не тврдам дека не треба да се менуваат во овој момент, даваат ситуација во ко-ја во Собранието каде што има едноставно и незнам какво постои формал-но-политичко мнозинство ги концентрираше сите овие одлуки во фазата на нивното конечно донесување. Јавната потрошувачка е домен на Собранието на Република Македонија. Ние утврдуваме колку ќе биде јавната потрошувачка, со кои даноци, каква ќе има насловна страна во Буџетот од Буџетот на тие даноци и тн. Ние, со закони за ограничување на плати и други закони ја утврдуваме политиката на доходи во Република Македонија. На пример, во моментов со закон сега ги имаме замрзнато под одредени услови и тн. До сега сеуште ја носевеме одлуката само за цените, ништо друго на монетарната политика ја спроведуваше Народната банка, па ја носевме и одлуката за девизната политика. Таа девизна одлука на предлог на Владата повторно ја носеше Собранието и ги концентрираше некако сите тие полуги, каде што можеше едно парламентарно мнозинство да води некаква своја политика. Јас не мислам дека,тоа треба да се задржи на тој начин. Меѓутоа, мислам дека сите овие полуги почнуваат некако по хаотична логика да се разврстуваат меѓу Народната банка и Владата, а се исклучува Собранието во еден дел и мислам дека можеме да се доведуваме во непријатна ситуација. Да потсетам само, на пример, дека виза ви решението кое сега бара 80% мнозинство за носење на монетарната одлука со новото решение 7 од 9, ние досега функциониравме и јас можам да кажам, а некој може и да потврди, успешно во сферата на мо-нетарната политика 10 години наназад, ние тој проблем успеавме да го решиме како држава, со одлука која ја носевме секогаш со од трите можни уставни механизми, со кои решава Собранието со најнискиот. Во нашиот Устав ова Собрание решава со 2/3 мнозинство за некои работи, а за некои работи решава со просто мнозинство со 60 од 120. За најголем број работи одлучува со 40 пратеници, меѓу кои одлуката за цените на монетарнат, политика. И, сега одеднаш од една одлука која можела да акцептира како доволно третина од Собранието, 40 од 120 пратеници ние сега ја преселуваме од Собранието во друг орган и таму во рамките на тој орган градиме мнозинство, кое јас ви тврдам дека не постои во државата во ниеден орган во овој момент, во ниеден државен орган од седум деветинско мнозинство. Виза ви таквата концентрација сега на власта од Народната банка еден многу битен елемент од нејзината надлежност се дислоцира скроз и од Народната банка и од Собранието во Владата на Република Македонија. А, тука е и инволвиран и претседателот на државата по овој закон ексофицио исто така на друг начин. Можеме да замислиме кави се последици можат да произлезат од блокади во оваа сфера. И, од меѓусебни проблеми и недоразбираша во сфаќањата на работите, каков курс, каква инфлација, каква ценовна стабилност треба да се проектира во наредната година, две, три и тн. Од тие причини и од причините на ова што беше изнесено во предходните две дискусии, јас лично сметам дека не би било проблематично, напротив, дека би било многу интегративно за функциите на Народната банка на Македонија со новиот закон, кога веќе натаму се одлеваат собраниските надлежности и оваа важна полуга да остане таму. Инаку, мислам би биле неконсеквентни на решенијата. Благодарам.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Ви благодарам господине Поповски.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласаше.

Ве молам да гласаме.

Во салата се присутни само 50 пратеници и молам службите да ги повикаат пратениците да влезат во салата за да гласаме.

Почитувани колеги ве молам да седнете на своите места. Очекуваме да дојдат пратеници, за да го завршиме овој закон и воедно да ве информирам дека имаше барање од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ за пауза од еден час после завршувањето со работа по овој закон. Затоа, ве замолувам да седнете на своите места, ако дадам сега пауза за ручек, после ќе биде тешко уште еднаш да се собереме.

Ве молам да седнете на своите места, ќе го повториме уште еднаш гласањето за амандманот.

Ве молам вклучете го системот за гласање и да гласаме.

(Пратениците гласаат).

Од вкупно 61 пратеник за амандманот гласаа 27 пратени-ци, 8 беа воздржани, а против гласаа 26 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 20 за менување на став 1 поднесен од пратеникот Александар Гештаковки. :

Отворам претрес по амандманот на член 57 и на член 98 за бришење на став 3, поднесен од пратеникот Александар Гештаковски. Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Овој амандман Владата не го прифаќа.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

За збор се јави пратеникот Александар Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господинот министер не го прифаќа овој амандман, но јас би сакал да објаснам за што се работи. Се работи за тоа што со предложениот амандман се дава можност на Советот на Народната банка на Република Македонија професионално да бидат ангажирани членови кои се заинтересирани да бидат професионално акгажирани. Со постојните решенија во законот кој се нуди, се дава задолжително двајца членови во Советот да бидат професионалци и во преодните и во завршните одредби се нудат дури кои би биле професионално ангажирани. Досега, барем јас во мојата пракса, 10 години парламентарец немам сретнато двајцата идни членови на Советот да биле професионалци. Досега зборувавме за многу важна улога на Народната банка како централна банка емисиона. Во тој склоп и многу важната улога на Советот на Народната банка како орган кој ги донесува најважните одлуки сега, освен девизната политика, девизниот курс. И, сега, задолжително по одреден редослед двајца да биле професионалци. Која е логиката јас не можам да ја извлечам. Ако има потреба во Советот да бидат двајца професионалци, покрај гувернерот и вицегувернерите, треба да се даде можност на таа екипа да утврди и да ги ангажира. Инаку, тој е орган на урпавување на Народната банка, кој ги носи најаважните одлуки. Дури нема логика и со она министерот што го бара прв пат преседан седум деветинско мнозинство. Тие се неза-висни. Советот на Народната банка се утврдува врз основа на одредени критериуми. Нив ги бира Собранието. И, логиката првите двајца ако треба овој Парламент да ги избере тие и ако треба од. оваа коалиција да бидат, нема проблем. Дајте ги првите двајца ќе ги избереме и нека одат професионално. Но, со тоа правиме на наредниот Парламент тие да ги разрешиме и нема решение кои ќе бидат професионалци. Вакво решение јас досега немам сретнато во правната пракса. Дури ја оспорувам и потребата задолжителни стручњаци, но знаете надлежностите се јасни. Во делот на Советот е гувернерот и вицегувернерите, другите се претставници на Еконосмки факултет, на стручни здруженија, на парламентарни групи, сега имаме парламентарци и имало парламентарци, мандатот е шест години или седум години, незнам. Ова нема логика. Затоа, овој амандман мислам дека и министерот требаше да го прифати.

Доколку во Советот на Народната банка има потреба плус од членовите надворешни да бидат професионалци, да ги ангажираме.

Инаку, уште еднаш ќе потенцирам нема никаква логика, ос-вен ако незнам која е логиката на министерот наредните двајца да бидат професионалци. Можеби немаат ни афинитет, ние сега тоа кога ќе предлагаме во Советот во постапка треба да бараме некој што ќе е професионалец. Никаква логика нема, ни правна, ни економска.

Благодарам.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Благодарам.

Дали некој друг бара збор?

За збор се јави министерот за финансии.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Значи, овој став е направен со најдобра намера, иако гледам господинот Гештаковски како да сака да каже дека со некаква задна намера сме го направиле.

Прво, зошто се одлучивме за професионалци, да има најмалку двајца од вкупно 9 членови. Од тие 9 членови, едне е гувернерот и два вицегувернера, што значи остануваат уште шест. Од досегашните искуства и разговори вака што воопшто сме ги имале со сегашни или поранешни членови на Советот на Централна банка, факт е дека во Советотобично доминира гувернерот и вице гувернерите од причина што тие двајца 24 часа живеат со таа проблематика, работат со тие материјали и ги знаат во најситни детали и дека најчесто, не секогаш, но најчесто останатите членови, кои што се директори на компании, професори, вработени во државна управа, незнам парламентарци и што ли друго не, немаат ниту доволно време, ниту можност да влезат во длабочината на проблемите и најчесто се водат од она што го предлага гувернерот и вице гувернерите, што можеби не е лошо, но сепак е добро да има луѓе кои што целодневно ќе бидат и единствено

ангажирани околу таа проблематика и на некој начин ќе претставуваат пандан на гувернерот и вицегувернерите.

Од тука, се тргна од идејата да има двајца професионални кои што нема да имаат друга работа, ќе ја работат само таа работа, што значи дека ќе имаат можност и обврска на некој начин максимално длабоко да навлезат во секој детал на секој предлог што доага од Централната банка од гувернерот, од вице гувернерите и евентуално да најдат некоја грешка ако има во тие материјали, дополнителен предлог и тн. Практично и тие на некој начин, условно кажано, 2 4 часа ќе живеат со таа материја. Е, сега, зошто е одредено првите двајца да бидат. Тоа е така за да биде побрзо. Единствено, тоа беше. Нема задна намера, верувајте ми. Единствената намера беше за да побргу се воспостави таков систем првите двајца на кои што ќе им заврши мандатот, за кои што подоцна треба да бидат предложени од гувернерот, а ги утврдува Собранието.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ**: (продолжение)

Првите двајца следни да бидат професионалци за да побрзо влезат луѓе во тој совет кои целосно ќе бидат посветени на таа материја. Тоа е единствената причина, инаку може да се случи после 4 - 5 години да влезат професионалци што не се остварува идеата на овој закон, не се остварува идеата на она што пред малку го раскажував зошто сме дошле до таква комбинација.

Затоа го одбив ова за да побрзо се зголеми професионалноста на Советот што е можно побрзо, апсолутно нема никаква друга идеа ниту размислување.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Благодарам.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од 62 пратеника 23 гласале за, 13 воздржани, 26 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 57 и на член 98 за бришење на став 3, поднесен од пратеникот Александар Гештаковски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Изразувам сомнеж дека има 62 пратеника во салата. Сакам службите да ги пребројат пратениците, согласно Деловникот.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Сакате поединечно гласање? (Не).

Ги молам службите да пребројат да видиме колку пратеници имаме во салата. (Службите ги бројат пратениците, има 53 пратеници).

Немаме кворум, имаме 53 пратеници присутни во салата, предлагам пратениците што се во фоајето да се вратат во салата да продолжиме со работа, а гласањето ќе го повториме по овој амандман.

Ги молам службите да ги повикаат пратениците да влезат во салата.

(Ни еден пратеник не влезе во салата).

Колеги пратеници, моите напори за да обезбедам услови за работа очигледно дека не вродија со плод. Немаме доволно кворум за да продолжиме со работа.

Сега давам пауза од еден час и по еден час да продолжиме со работа.

(Пауза од 13,50 до15,20 часот).

По паузата.

Колеги пратеници, времето за пауза помина, јас константирам дека немаме кворум за работа, ги замолувам службите и Вас лично да ги поканите другите колеги да влезат во салата, како би продолжиле со работа.

(Пауза од 15,20 до 15,25 часот).

Колеги пратеници, за десетина минути група пратеници од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ ќе дојдат во Собранието, имаме најава дека ќе имаме кворум да продолжиме со работа, затоа ве замолувам десетина минути, ако сакате, почекајте во холот, испушете по некоја цигара или испијте кафе, а ако за 15 мин. немаме кворум, ќе ја прекинеме седницата.

(Пауза од 15,35 до 15,50 часот).

Ве молам да си седнете на своите места.

Констатирам дека има доволем број пратеници, потребно е уште министерот за финансии да дојде.

Продолжуваме со работа.

Конечно имаме и кворум, а се изначекавме на претставник од Министерството за финансии. Иако е пракса министрите да ги чекаат пратениците, ние го чекаме министерот. Но, да продолжиме со работа.

Отворам претрес по амандманот на член 58 став 2 алинеја 4, поднесен од пратеникот Ѓулистана Марковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Благодарам.

На амандманот на пратеникот Александар Гештаковски на член 57 и на член 98 за бришење на став 3 со кој претставникот на Владата не се согласил, немавме доволно кворум за гласање, па ве молам сега да го повториме гласањето по амандманот на господинот Гештаковски на член 57 и член 98 за бришење на став 3.

Ве молам да го вклучите системот да гласаме.

Од 67 пратеници 30 гласале за, воздржани 16, 21 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на господинот Гештаковски.

Отворам претрес по амандманот на член 60, став 3, за бришење на амандманите 2 и 3 и на став 4 за бришење на алинеја 5, на член 70 став 2, за бришење на амандманите 2 и 3 и на став 3 за бришење на алинеја 5 и на член 73 став 1 за бришење на алинеите 2 и 3 и на став 2 за бришење на алинеја 5, поднесен од пратеникот Александар Гештаковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот, амандманот го ставам на гласање.

Ве молам, да гласаме.

Од 70 пратеници 28гласале за, воздржани 19, 23 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 60 став 3 за бришење на алинеите 2 и 3 и на став 4 за бришење на алинеа 5 на член 70 став 2 за бришење на алинеите 2 и 3 на став 3, за бришење на алинеа 5 и на член 73 став 1 за бришење на алинеите 2 и 3 и на став 2 за бришење на алинеа 5, поднесен од пратеникот Александар Гештаковски.

Отворам претрес по амандманот на член 60 став 4 алинеа 5, член 70 став 3 алинеа 5 и член 73 став 2 алинеа 5, поднесен од пратеникот Александар Пандов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Благодарам. 67 став 8 и 9, поднесен од пратеникот Александар Пандов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 89 став 2 и за бришење на став 3 и 4, поднесен од пратеникот Александар Гештаковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме?

Од 67 пратеници 30 гласале за, 14 воздржани, 23 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 89 став 2 за бришење на став 3 и 4, поднесен од пратеникот Александар Гештаковски.

Отворам претрес по амандманот на член 93, поднесен од пратеникот Александар Пандов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Овој амандман се прифаќа.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 94, став 2 поднесен од пратеникот Александар Гештаковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата овој амандман го прифаќа.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Благодарам.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме?

Од 67 пратеници 30 гласале за, 14 воздржани, 23 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 89 став 2 за бришење на став 3 и 4, поднесен од пратеникот Александар Гештаковски.

Отворам претрес по амандманот на член 93, поднесен од пратеникот Александар Пандов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Овој амандман се прифаќа.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 94, став 2 поднесен од пратеникот Александар Гештаковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата овој амандман го прифаќа.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 96 и за додавање два нови члена 96 и 96-а, поднесен од пратеникот Александар Гештаковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Во овој амандман одредени делови се прифатливи меѓутоа одредени делови не се прифатливи ...

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Бидејќи не постои можност парцијално да се прифаќа амандманот, дали го прифаќате или не?

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

За збор се јави пратеникот Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине потпретседателе сакав да укажам дека министерот прифаќа амандмани само по нарачка или на одредени пратеници, но со прифаќањето на претходниот амандман малку се исправи, па ...

Овој амандман се однесува повеќе на правно - техничкиот дел, од правно нормативниот дел и улогата на Народната банка, согласно уставните овластувања и уставната положба, бидејќи со предложените решенија на членот 96 се однесуваат на воведување на прекршочните казни за вработените.

Статусот на Народната банка согласно уставната положба нема својство на правно лице иако е самостојно правно лице. Врз основа на досегашното искуство и утврдување на одговорноста на носителите на функции избрани од ова Собрание врз основа на политичката одговорност, морална одговорност и кривична одговорност се прават два члена што треба да се регулира прекршочната одговорност во однос на оние правни лица кои стапуваат во односи со Народна банка во функцијата на остварување на Народна банка, а додека вработените во Народната банка пред се во делот на издавањето на деловната тајна и други прекршоци, подлежат на друга одговорност, таа е политичка на носителите на функција со разрешување, а на сите оние вработени има друга одговорност од материјална и кривична.

Затоа сметам дека овој амандман за правилно функционирање на Народната банка во делот на извлекување односно при поднесување на пријави спрема одредени лица кои прават прекршок во остварување на функцијата во платниот, девизниот или монетарниот дел на остварување на макроекономската политика, би требало пратениците да го прифатат, бидејќи правно ги регулира обврските и на вработените во Народна банка и на правните субјекти кои стапуваат во односи со Народна банка и нема да имаме одредени недоразбирања, искуства од минатото кога многу тешко се утврдуваше одговорноста и на носителите на функции во банките, во деловните банки и во Народната банка.

Овој Парламент помина низ едно такво искуство во дадените случаи на одредени штедилници кога со денови и месеци расправаше и не се утврди никаква одговорност, мислам дека со овие решенија би можело тој дел да се разграничи.

Благодарам.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Ви благодарам г. Гештаковски на исцрпното излагање.

За збор се јави министерот за финансии.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Во делот каде се предвидуваат казнени одредби за нас не е прифатливо ова што сака да се биде избришано, бидејќи цениме дека треба да има казнена одредба и доколку некој во Централната банка направи грешка така што ќе ја зголеми нивната претпазливост.

Меѓутоа, има еден дел кој и ние го предложивме во законот, но Секретаријатот за законодавство побара да го избришеме од причини што ги наведе тогаш, сега во моментот не можам да се сетам, а тоа е делот каде се ставаат казнени одредби за банките и за штедилниците. Имено, нивната оценка беше дека не им е местото во овој закон, туку во Законот за банки и претходниот закон за банки и штедилници каде важи делот за штедилници.

Конечно, делот за казнени одредби за оддавање деловна тајна се прифатливи за нас, но не можеме да прифатиме, бидејќи се дел од еден поголем амандман, тоа е она што кажав дека ни е прифатливо.

Ако има некаков посебен амандман за ова понатаму би го прифатиле ако не, не можеме да го прифатиме.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Благодарам.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од 57 пратеници 24 гласале за, 16 воздржани, 17 против.

Ги молам службите да избројат и да констатираме колку пратеници имаме во салата.

**ЗВОНКО МИЧЕСКИ:**

(по пребројувањето на бројот на пратениците од страна на службста)

Во моментот во салата имаме 59 пратеници и немаме кворум за работа.

Ги молам службите, ако евентуално во фоајето има пратеници да ги повикаат да влезат. Во спротивно, ќе ја прекинеме седницата.

(во салата влегоа неколку пратеници)

Ве молам вклучете го системот за да провериме колку прате-ници се присутни во салата.

Требаше да го повториме гласањето по амандманот за бришење на член 96 за додавање два нови члена, 96 и 96-а, поднесен од пратеникот Александар Гештаковски.

Ве молам да гласаме.

(по гласањето)

Од 64 пратеници, 24 пратеници гласале за, 14 воздржано, и 26 против.

Констатирма дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 96 став 1 и на точките 4, 6 и 9, поднесен од пратеникот Александар Пандов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандман на член 98 за бришење на став 3, поднесен од пратеникот Слободан Ќосев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифака овој амандман.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор пратеникот Слободан Ќосев.

**СЛОБОДАН ЌОСЕВ:**

Почитиван г-дине потпретседател, почитуван г-дине министре, почитувани колеги пратеници, мојот амандман се состои во тоа што во членот 98 да се брише ставот 3.

Овој амандман е сличен со еден од амандманите поднесени од г-динот Гештаковски.

Ова го предлагам затоа што членот 57 го регулира изборот односно именувањето на двајцата советници што ќе бидат професионално вработени во Народна банка, значи од Советот на Народна банка, двајца членови кои ќе би дат професионално вработени. Додека членот 98 ставот 3 кажува кои двајца членови на Советот ќе бидат професионално вработени во Народна банка. Мислам дека колегите пратеници ќе го поддржат мојот амандман.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

За збор се јави министерот за финансии.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

За да не се случи јавноста да биде дезинформирана, да кажам дека не е напишано во законот кои ќе бидат. Се подразбира дека по име и презиме е напишано кои ќе бидат членови на Советот професионалци. Имено, напишано е дека следните двајца, бидејќи на кого како му

истекува мандатот во Советот се заменува со нов. На некој му истекува мандатот оваа година, на некој другата година, на некој две години подоцна и тн. Во Законот е напишано како што им истекува мандатот на следните двајца,нивната замена, предлогот за нови членови на Советот да бидат луѓе на кои единствена работа ќе им биде тоа. Ова е направено од причина што е можно побрзо да се имплементира оваа идеја која ја застапува Владата, односно побрзо да има професионални членови во Советот, за што го зборев денес во првиот дел од седницата кога разговаравме за Народна банка и кога ја образложував идејата зошто одиме кон ова. Инаку, вака би можело да се случи после четири години да влезат професионални членови и на неокј начин се дерогира таа идеја.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Повторно збор побара пратеникот Александар Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Јас го поддржувам овој амандман не затоа што е сличен со еден од моите амандмани. Со овој амандман јас укажав на апсурдноста и неодржливоста на ваквиот начин на предлагање. Министерот се обиде и сакаше да ме увери дека професионални членови на Советот нема да бидат оние двајца кои тој ги има на ум и кои тој ќе ги предложи во овој Парламент и ќе бидат бирани и избрани и тие ќе бидат професионалци, бидејќи неговиот аргумент што побрзо да дојдат професионалци во никој случај ни држи, нема логика. Со усвојување на овој амандман, со објавување во Службен весник на овој закон Советот што побрзо од своите постојни редови ќе си избере професионалци, а не да чекаме. Министерот треба да каже кога им истекува мандатот, да имаме некоја верба. Нема логика, на некој ќе му истече мандатот по две години, а укажува дека има пот-реба од професионалци. Јас имав амандман, по потреба, до колку има, не го прифати, а сега не го прифаќа и амандманот на г-динот Ќосев. Неговата логика што побрзо да има професионалци, ако не се одредени личности кои ќе доаѓаат, нема логика, најбрзо во рок од 8 дена ќе се состане Советот , има потреба од професионалци, од постоечките редови, од луѓето кои имаат афинитет, кои не се ангажирани да придонесат за работата ќе се изберат двајца професионалци, а не да ги чекаме. Значи то аргумент не држи. Има и друг аргумент. Имено, овој дел во преодните одредби не држи ни од уставноправен аспект. Неможеш да кажеш првите наредни, тогаш што понатаму. Не регулира и натамошни односи кои други ќе бидат. Ние велиме усвоен е амандманот , ќе има професионалци. Кои професионалци од Советот од девет члена? Треба да определат и самите луѓе и гувернерот и согласно афинитетите за да ја вршат функцијата. Не држат аргументите г-дине министре, освен ако немат на ум одредени луѓе во овој Парламент со жалење го кажувам тоа, но побрзо да дојдат професионалци. По осум дена тврдам со овој амандман ако се прифати ќе дојдат професионалци, а според вашето тврдење можат да дојдат по година, две или три. Затоа, апелирам до пратениците да го прифатиме. Н е ево ред овие двајца во едно тело кое носи одговорност да бидат професионалци. Не држи таа логика да биде во закон. Ако нема други намери, а министерот ме убедува дека нема други намери. Исто така, немаме уште еден податок кога на членовите им истекува мандатот, а велиме дека треба да има професионалци. Затоа, мислам дека треба да го прифатиме овој амандман и ова убедување министерот да го прифати повторно.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(по гласањето)

Од 66 пратеници, 49 пратеници гласале за, шест воздржано и 11 против,

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот на член 98 за бришење на став 3, поднесен од пратеникот Слободан Ќосев.

Во меѓувреме пратениците Таки Фити и Никола Поповски

поднесоа амандмани на член 20 за менување на став 1, член 55 став 2, член 58 за менуваше на став 4, член 64 став 1 за бришење на точките 11, 18 и 19 и на член 67 став 3, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 20 за менување на став 1, поднесен од пратениците Таки Фити и Никола Поповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Благодарам.

Дали некој друг бара збор?

За збор се јави пратеникот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Ние сметаме, со оглед на претходното одбивање на сличен амандман, дека овој амандман е конпромисен и мегу другото прави компромис со гледиштата на Владата и Парламентот, меѓутоа, од друга страна го доведува Парламентот во ситуација да не изгласа дел од закон кој ќе биде спротивен на Уставот затоа што кажува дека Народната банка се грижи за стабилноста на валутата на државата. Со ваквото поместување само кон Владата мислам дека ќе биде спротивно на Уставот. Затоа предлагаме компромисен амандман и цениме дека треба да се прифати.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(по гласањето)

Од 67 пратеници, 37 пратеници гласале за, седум воздржано и 23 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 20 за менување на став 1, поднесен од пратениците Таки Фити и Никола Поповски.

Отворам претрес по амандманот на член 55 став 2 поднесен од пратениците Таки Фити и Никола Поповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор пратеникот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Јас ги повикувам пратениците сепак да го гласаат амандманот, затоа што тоа е амандман кој овозможува на ова Собрание да врши контрола на функционите кои ги избрал, а тоа се гувернерот и Советот на Народна банка на Македонија. Без поднесуваше на извештај за нивната работа пред ова Собрание, нивната контрола во целина се губи од ова Собрание и нема да имаме можност да вршиме проверка на задачите за кои сме ги избрале.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

До колку пратениците го прифатат овој амандман, според мое мислење и според мислење на повеќе експерти што ги консултиравме,ќе дојде до намалување на независноста на Централната банка, што се сака да се постигне со овој закон.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Прво, независноста на Централната банка се одредува во однос на извршната власт, а не во однос на законодавната. ние немаме извршни овластувања да се мешаме во нејзината работа. Имаме право само на контрола и на избор, што ни се уставно загарантирани права. А ако г-динот министер е толку уверен во самостојноста на Народната банка, нека и даде една од нејзините најважни функции, да ја чува стабилноста на денарот во однос на странските валути. Г-динот министер таа нејзина функција ја одзема со закон и си ја припишува себеси во Владата, а нам ни укажува дека извештајот на Народната банка ако го разгледаме овде ќе и ја одземеме самостојноста. Ова Собрание 10 години не се мешало во работењето на Народната банка, освен со разгледување на извешптаите, кога имаше право за монетарната одлука да донесува Одлука со сопствен мандат. А сега да се одзема изворна ингеренција за курсот на Наородната банка, да се префрлува во Влада, а нам да ни се кажува дека извештајот на оној кој сме го избрале демократски да го контролираме и мешаме во работите, мислам дека напротив апсолутно не станува збор.

Само да преупредам и на следниот пат дека претседателот на државата го предлага гувернерот, ние го избираме, претседателот на државата ги предлага членовите на Советот, ние ги избираме , а тие меѓу себе се контролираат од истиот предлагч и тн. Мислам дека е посоодветно амандманот да се гласа.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(по гласањето)

Од 66 пратеници, 47 пратеници гласале за, 9 воздржани и 10 против.

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот на член 55 став 2, поднесен од пратениците Таки Фити и Никола Поповски.

Отворам претрес по амандманот на члне 58 за менување на став 4, поднесен од пратениците Таки Фити и Никола Поповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор пратеникот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги, би ве замолил внимателно да се преслушаме во врска со овој амандман, кој се надевам дека го имате пред вас.

Владата на РМ предлага решение со кое "Член во Советот на Народна банка на Македонија неможе да биде член на политичка партија". Ние предлагаме решение во кое се вели дека член на Советот на Народната банка неможе да биде на раководна функција во политичка партија. Разликата е огромна.

Јас би сакал да укажам, согласно моите познавања, на член 20 од Уставот на РМ , во кој се вели: "На граѓаните им се гарантира слобода на политичко здружување и остварување на други права..."

Неможеме ние со Закон за Народна банка да ограничиме на граѓанин на оваа држава да не смее политички да се организира за да остварува функција во Советот на Народна банка на Македонија.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ**: (продолжение)

Правото, едно од фундаменталните права на нашиот Устав е правото политички да се здружи. Друго е работата, за која мислам дека и министерот и Владата предложиле решение во Законот, функцијата на извршувањето да му биде незавксна и затоа да не може да биде на ракмоводните функции. Меѓутоа, ние да ги жигосуваме,спротивно на Уставо: луѓето што се политички определени и здружени дека не можат да преземаа? други дејствија, кои апсолутно не се во никаква корелација со нивното политичко здружување, не е толку голема нивната функција, мислам дека малку буквалистички почнуваме да го сваќаме трендот на самостојност на централната банка.

Членството во политичка партија со сосвесноста, многу повисоки функции оствaруваме во оваа држава како членови на политичка партија, а не Совет на Народна банка.

Мислам дека имаме морално право да го прифатиме овој амандман и да не го доведуваме било кој кандидат во ситуација да не смее политички да се ангажира за да биде член.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Молам кој друг бара збор?

За збор се јави министерот Никола Груевски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Овој член што г-динот Поповски го прочита од Уставот го пишува во сите устави на сите демократски земји и во сите тие земји централната банка која што има поголема независност отколку Централната банка во Македонија и има одредби во кои што е извршена деполитизација односно не може член на политичка партија да биде член на Совет. Тој може да биде ако изврши деполитизација исто како еден гувернер. Така што ова што го нудиме е во секоја демократска држава, во Европска Унија.

Во државите што се нејзини членки и сите тие го имаат истиот момент што го има во нашиот Устав во врска со човековите права, така што ги повикувам пратениците да не го прифатат овој амандман бидејќи целосно ќе ја измени физиономијата на Законот и со претходно прифатениот амандм; и овој ќе стане тотално неприфатлив законот за меѓународните финансиски институции.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

За збор се јави пратеникот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Јас се извинувам. Нека ми каже министерот што е побитно да се донесе одлука во Советот на Народна банка, каде што човек не смее да е член на политичка партија, или да се донесе одлука за висината на курсот на денарот во владата каде што сите што седат не само што се политички ангажирани, туку се на највисоките политички функции во државата. Сега, во Народната бнака на член на Советот не смее да биде ни член на политичка партија зашто тоа ќе влијаело на него, а во Владата на Република Македонија седат претседателе, потпретседатели, секретари и највисоки членови на сите политички партии во овој момент, тие нема да се пристрасни, курсот на денарот ке го одредуваат по непристрасност. Што е таа разлика?

Второ, во овој парламент сме се соочиле со неколку обиди на претходните влади, на Црвенковски и на Георгиевски и

во некои закони се сака да се ограничи ангажирање на некои државни функционери. Секогаш на Уставен суд паднале.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Благодарам.

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам,да гласаме.

Од вкупно 72 пратеника, за гласале 48, воздржани 11, против 13.

Констатирам дек асобранието го усвои амандманот на член 58 за менување на став 4 поднесен од пратениците Таки Фити и Никола Поповски.

Отворам претрес по амандманот на член 64 став 1, за бри-шење на точките 11...

Се извинувам.

За збор се јави министерот.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Со оглед на последните два прифатени амандмана од страна на парламентот овој закон што го предложи Владата,според мое мислење губи доста во својата замисла и мислам дека нема да биде прифатен од ММФ, за чиј што однос исклучително е битен овој закон.Јас барам оваа седница да се прекине за да се размисли што да се прави понатаму.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Добро министре.

Вие овој закон го повлекувате или ...

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Барам прекин на седницата ако може.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Ние имаме и други точки...

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Не, по оваа точка.

Минуваме на точката 41 - Предлог на закон за чек.

Предлогот на законот Ви е доставен.

Отворам...

Збор побара пратеникот Чедомир Краљевски.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Почитиван претседателе, почитувани кмолеги,

Заради партиските обврски на Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ барам седницата денеска да се прекине.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Во ред. Вие имате право да барате, јас само да Ви објаснам дека има два кратки закони кои што можеме за...

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Врзани сме со тајмингот.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Во ред, седницата ја прекинуваме.

За продолжението дополнително ќе бидете известени.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Каква е ситуацијата за утре.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

За утре сега за сега, поканата важи меѓутоа нема ништо покретно.

Се чека писмо од претседателот до претседателот на Собранието.

(Седницата прекина со работа во 17,35 часот.)